НОВ МЕТОД НА ЗАШТИТА НА ЗАГРОЗЕНИТЕ ВИДОВИ ЖИВОТНИ

# Камери ќе го ловат рисот на Галичица

Рисот што живее на Галичица ќе се спасува со помош на камери, кои ќе бидат поставени на повеќе места на оваа атрактивна планина. Според проектот кој е изработен во НП "Галичица" - Охрид, планирано е деноноќно снимање на просторот во Националниот парк каде што се смета дека сè уште го има рисот. Врз основа на видеозаписите од камерите ќе се има претстава колку примероци на ова животно во изчезнување останале на Галичица и дали воопшто го има.

"Тоа ќе ни овозможи да преземеме понатамошни мерки за негова заштита, бидејќи е познато дека рисот спаѓа во редот на загрозените видови. Планираме камерите да ги поставиме во текот на летото на места кои ќе бидат наведени во проектот. Во овој момент не можам да ви кажам колку ќе чини овој зафат, но ние сме решени да го заштитиме рисот", ни изјави директорот на НП "Галичица" Зоран Ангелоски.

Според податоците од Националниот парк, последниве години не бил пријавен случај на уловен рис на Галичица. Но оттаму кажуваа дека не се сигурни оти тоа е резултат на забраната за лов кој важи во Националниот парк или, пак, се должи на фактот што ова животно го има многу ретко или воопшто го нема. *(Д.Ч.)*

